МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Локални избори 2013

# СПОРЕДБА НА АНКЕТИТЕ СО ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

WWW.MOJOTIZBOR.MK

2013 МОЈОТ ИЗБОР

Локални избори 2013

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**ISBN** 978-608-4681-07-6

**Скопје**, април 2013 г.

**Контакт**
Адреса: МЦМС, ул. Никола Парапунов 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје.
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб: www.mcms.mk.

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk; Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk;

**МЦМС, ИДСЦС**
Сите права се задржани. Репродуцирање, копирање, трансмисија, превод или адаптација на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено за образовни цели, заради цитирање и со претходна дозвола на издавачите.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ..........................................................................................................................1

**ИЗЛЕЗНОСТ (ОДЅИВ)** ........................................................................................................3

**ГЛАСАЊЕ ЗА СОВЕТНИЧКИТЕ ЛИСТИ** .......................................................................4

**ГЛАСАЊЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ** ..............................................................................7

**ПРИЛОГ 1. ПРВИЧНИ ОФИЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ** ......................................................8

**ПРИЛОГ 2. ПРЕГЛЕД НА СИТЕ ОБЈАВЕНИ АНКЕТИ И РЕЗУЛТАТИ ОД ДИК**...10

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ** ..............................................................................12

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| | |
| ИДЧ | Институт Димитрија Чуповски |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| ИПШ | Институт Павел Шатев |
| Прогрес | Институт Прогрес |
| Рејтинг | Агенција Рејтинг |
| ДИК | Државна изборна комисија |

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) спроведоа повеќе заеднички активности за локалните избори 2013 година, кои вклучуваа истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Дел од активностите се и испитувањата на јавното мислење за прашања поврзани со изборите, како карактеристиките на кандидатот за градоначалник, рејтинзите на кандидати и партии и слично. Во функција на транспарентно информирање на јавноста, МЦМС на 18 март 2013 година изготви преглед на анкетите на секоја од агенциите кои објавија свои рејтинзи за партиите и кандидатите пред изборите (видете на http://www.mojotizbor.mk/izbori-2013/rejtinzi-i-rezultati/rejting-anketi/564-anketi-od-rejting-agenciite.html). Прегледот е направен врз основа на објавени анкети на нивните веб-страници или Фејсбук профили и од објавите во медиумите.

**Табела 1: Преглед на агенциите и нивните веб-страници**

| Агенција | Веб-страна | Фејсбук профил |
|---|---|---|
| МЦМС | www.mcms.mk | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ИДСЦС | www.idscs.org.mk | Institute for Democracy “Societas Civilis” - Skopje |
| ИДЧ | - | Институт Димитрија Чуповски |
| ИПШ | - | Институт Павел Шатев |
| Прогрес | www.progres.org.mk | Progres Institute |
| Рејтинг | blog.rating.mk | Agencija Rejting |

МЦМС и ИДСЦС партнерски го спроведуваа проектот Мојот избор, па сите активности беа заеднички. Во однос на анкетите, тие беа спроведувани од ИДСЦС, па заради поедноставен приказ, понатаму е користена кратенката ИДСЦС, наместо МЦМС/ИДСЦС. За активности поврзани со избори користат и посебна веб-страна: www.mojotizbor.mk.

Анкети се направени за вкупно 23 различни општини, од кои има преклопување кај 4 од 5-те агенции во девет општини, вклучувајќи го тука и градот Скопје. Тоа се: Аеродром, Битола, Велес, Карпош, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица и градот Скопје. Покрај нив, кај дел од агенциите има и резултати за други општини: Бутел, Гази Баба, Гевгелија, Гостивар, Ѓорче Петров, Кавадарци, Кисела Вода, Кочани, Пехчево, Радовиш, Ресен, Тетово, Центар и Штип. Податоците за нив се прикажани во прилозите.

Во табелата подолу е даден преглед на применетата методологија од секоја од агенциите при спроведувањето на анкетите.

**Табела 2: Преглед на методологиите** (редоследот е според времето на објавувањето)

| Агенција | Тип | Општини | Примерок | Ст.грешка | Период | Објава |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИДСЦС | Телефонски | 12 | 800-1.095 | 3-3,5 % | 26-28.05.2011 | 10-18.03.2013 |
| ИПШ | Телефонски | 20 | - | - | 04-15.03.2013 | 16.03.2013 |
| Рејтинг | Телефонска | 1 | 800 | - | 07-09.03.2013 | 16.03.2013 |
| Прогрес | Телефонски | 15 | 800-1.000 | 3,3% | 13-17.03.2013 | 18.03.2013 |
| ИДЧ | Телефонски | 18 | 700-1.100 | - | 07-17.03.2013 | 18.03.2013 |

Значи, сите анкети се телефонски и правени се во деновите на кампањата, односно последните 20 дена пред изборите. Објавите се главно во последните три дена кога беше можно според законските рокови (18.03 до полноќ), освен во случајот на МЦМС/ИДСЦС кои објавуваа континуирано по 1-2 анкети дневно во периодот 10-18.03.2013 г.

Примерокот во анкетите варира од 700 до 1.100 лица (Институтот Павел Шатев ја нема објавено таа информација), а податок за статистичката грешка навеле само ИДСЦС и Прогрес и таа е меѓу 3 и 3,5%. Агенциите имаат објавено меѓу 12 (ИДСЦС) и 20 анкети (ИПШ) за вкупно 23 различни општини (вкл. градот Скопје), освен агенцијата Рејтинг, која објави резултати само од една анкета (општина Центар). Од тие причини, таа не е вклучена во заедничките прегледи во прилозите, туку е наведена посебно.

Предмет на овој извештај е споредба на објавените анкети само од МЦМС/ИДСЦС со резултатите од изборите како што е објавено на веб-страницата на Државната изборна комисија (ДИК), заклучно со 28.3.2013 година (преброени гласови од сите 2.976 избирачки места). Анкетите од другите агенции се дадени само како преглед во прилозите на овој извештај, а не се дополнително анализирани и коментирани.

Во однос на методолошките забелешки, должни сме да укажеме на неколку работи кои треба да се имаат предвид при толкувањето на податоците.

Основната метода на споредба во овој извештај е во однос на процентите на освоени гласови по партија/кандидат во однос на вкупниот број запишани гласачи во избирачкиот список (по општина и вкупно за споредбите на национално ниво). Тоа при анкетирањето ги вклучува и ставките како: Не знам, Не сум одлучил (неопределен), Нема (или без) одговор, Не сакам да кажам и Нема да гласам. Со оглед на тоа што по спроведените избори, такви ставки нема (се бројат гласовите по партија и се пресметуваат проценти во однос на важечките ливчиња и во однос на вкупно излезените гласачи – како што е на веб-страницата на ДИК), во функција на споредба со анкетите пресметани се процентите на добиените гласови по партија, во однос на вкупниот број гласачи во избирачкиот список – 1.743.403. Вакви податоци не се објавени директно на страницата на ДИК, па укажуваме на внимание при читањето на извештајот, коментирањето и изведувањето заклучоци врз основа на овие споредби.

Податоците за освоените гласови и соодветниот процент од вкупниот број гласачи во избирачкиот список, од оние кои излегле на гласање и од важечките гласачки ливчиња за секоја од партиите/коалициите учесници на овие избори, се дадени во прилог на овој извештај.

Во извештајот со посебни проценти се прикажани парламентарните партии (односно коалициите предводени од нив): ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА (без НДП, освен во еден случај, а во останатите НДП е во ставката Други). Во прилогот 2, земајќи предвид дека најголем дел од објавените анкети на другите агенции содржат податоци само за партиите/коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, споредбите се однесуваат на тие две партии.

Понатаму, заради усогласеност на споредбите, податоците за град Скопје се прикажани посебно, за да се избегне двојно сметање на исти гласачи (кои се бројат како гласови во поединечните скопски општини).

Исто така, со оглед на заедничкиот настап на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ во Кичево и Струга, направени се корекции во вкупните збирови на освоени гласови, односно половина од гласовите за советници (формално евидентирани на СДСМ) се префрлени во збирот на ВМРО-ДПМНЕ, а обратпото е направено во прегледот за градоначалници – половина од гласовите за кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ се префрлени на СДСМ.

Конечно, треба да се нагласи дека при презентирањето на анкетните резултати МЦМС/ИДСЦС не правеа никакви корекции (weighting) во однос на примерокот, односно не правеа свои прогнози за крајниот исход, туку го пренесоа моменталното расположение на анкетираните граѓани.

# ИЗЛЕЗНОСТ (ОДЅИВ)

Од сите агенции, само ИДСЦС имаше проценка за излезноста на изборите на национално ниво.

**Графикон 1. На скала од 1 до 10, каде 10 е дека со сигурност ќе излезете, колку е веројатно дека би излегле на гласање на претстојните локални избори?**




Според анкетата на ИДСЦС, имаше најава за голема излезност – 69,2% граѓани изјавиле дека сигурно ќе гласаат. Според ДИК, излезноста изнесува 67%.

На претходните локални избори во 2009 година излезноста беше 54,6%, во 2005 година 49,8%, а на парламентарните избори во 2011 година 63,5%. Најголема излезност досега била забележана на референдумот за независност во 1990 година, 75,7 %.

Исто така, ИДСЦС правеше проценка и за излезноста по општини, додека кај другите агенции немаше таква информација и не може да се направи споредба ниту индиректно, заради групирање на одговорите Не знам (или Се уште не сум одлучил, или Неопределени), Нема одговор (или  и Не сакам да кажам) и Нема да гласам, во иста ставка при објавувањето.

Кај ИДСЦС прогнозите за одѕив варираа од 66 до 76% во 12-те набљудувани општини. Одѕивот изнесуваше од 61% во Тетово до 76% во Прилеп и Струмица, со исклучок на Гостивар каде беше помала – 52%. Остапувањата по општини се во рамките на статистичкта грешка од 3% (во седум од нив), освен во Куманово и Тетово (предвиден 7% поголем одѕив), Струмица (6% помал) и со поголеми отстапувања во Скопје и Гостивар (предвиден 11%, односно 14% поголем одѕив).

# ГЛАСАЊЕ ЗА СОВЕТНИЧКИТЕ ЛИСТИ

ИДСЦС исто така спроведе и анкета на национално ниво, за проценка на соодносот на партиите во вкупниот освоен број на гласови на советничките листи во целата држава.

**Графикон 2. Доколку утре се одржат локалните избори, за која листа на советници на општина ќе гласате? (споредено со скалираните резултати од ДИК)**




За споредба на анкетните со остварените резултати, како и со претходните локални избори, во следната табела се прикажани податоците за процентот на освоени советнички места за четирите парламентарни партии (НДП не беше основана во 2009 година), а направено е и скалирање на горенаведените проценти само во однос на определените испитаници.

**Табела 3. Споредба со % на освоени гласови и советнички места во 2009 г.**

| Партија/коалиција | 2013 ДИК | 2013 ск. | 2013 анк. | 2009 ск. | 2013 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 38,6 | 24,8 | 25,7 | 17,9 | 515 | 473 |
| СДСМ | 28,1 | 18,0 | 13,5 | 11,8 | 359 | 295 |
| ДУИ | 12,3 | 7,9 | 9,7 | 5,4 | 166 | 174 |
| ДПА | 7,0 | 4,5 | 5,0 | 2,1 | 94 | 53 |
| Други партии | 14,0 | 8,9 | 3,8 | 17,4 | 212 | 351 |
| Вкупно | 100,0 | 64,1 | 57,7 | 54,6 | 1.346 | 1.346 |

* во 2009 година имало вкупно 121 листа на предлагачи. И за 2013 имаше потврдено 114 предлагачи, но во одговорите на испитаниците (отворено прашање, без читање листа) се појавуваат 13 партии.
Треба да се има предвид и дека составите на изборните коалиции во 2009 и 2013 година, не се истоветни.
Податоците за 2009 година и резултатите од ДИК се скалирани за споредливост со податоците од анкетата (исклучени се тие што не гласале – 33,0% во 2013 г. и неважечките ливчиња – 2,8%).
Во пресметката за број на советници, не се вклучени тие за град Скопје. Податоците за број на советници за 2013 година се од медиумите.

Како што може да се забележи, анкетните резултати за сите парламентарни партии, освен СДСМ, се блиски до остварените резултати, незначително натценети (од 0 процентни поени кај НДП, преку 0,5 кај ДПА и 0,9 кај ВМРО-ДПМНЕ, до 1,8 кај ДУИ) но во сите случаи во рамките на статистичката грешка од 3%.

Во анкетата 13,5% од граѓаните се изјасниле дека ќе гласаат за СДСМ, а остварениот резултат е 18%, односно 4,5 процентни поени повисок. Исто така, за сите други партии при анкетата се изјасниле 3,8%, а на самите избори тие добиле 8,9% од гласовите, односно 5,1 процентни поени повеќе (или заедно со тие на СДСМ, вкупно 9,6). Со оглед на тоа што при анкетата 12,1% од граѓаните не сакале да кажат за кого ќе гласаат, може да се претпостави дека најголем дел од нив гласале за СДСМ и другите вонпарламентарни партии.

Во однос на резултатите на советничките листи за поединечните општини, подолу се прикажани споредбите на анкетите од ИДСЦС со остварените резултати (ДИК), за дванаесет општини (вкл. и град Скопје) за кои беа објавени податоци пред изборите.

**Графикон 3. Споредба во проценти на освоени гласови (од регистрирани гласачи) за советнички листи со анкетите пред изборите**




* под Неопределени се наведени одговорите на анкетата: Ниту една, Не знам и Не сакам да кажам (деталите за поедничените проценти за секоја од тие ставки се дадени во прилог)

Битна карактеристика за споредбата е да се нагласи високиот процент на Неопределени гласачи при анкетирањето (во оваа категорија влегуваат оние кои се изјасниле со Ниту една (партија), Не знам или Не сакам да кажам, кој освен во случајот на Скопје и донекаде Гостивар, битно се разликува од проценот на граѓани кои Не гласале или уфрлиле Неважечко ливче. Ова значително влијаеше на разликите меѓу анкетните и остварените резултати, особено на поединечни партии, во поголемиот број општини (различни партии по општини) и на соодносите меѓу нив. Ова е коментирано подолу.

Без оглед на оваа методолошка забелешка, може да се констатира дека има совпаѓање на анкетите и резултатите од изборите, во делот на партијата која (ќе) освои(ла) најмногу гласови на листите за советници во 9 од 12 случаи (сите освен Охрид, Куманово и Гостивар). Исто така, во повеќето од тие случаи (вкупно пет: Скопје, Карпош, Тетово, Битола и Велес), проектираните проценти на победничката партија се блиски до остварените, односно во рамките на статистичката грешка од околу 3%. Понатаму, во три од преостанатите четири случаи (Прилеп, Штип и Струмица) со поголема разлика од статистичката греќка (од 4,9 до 15,6 процентни поени), има истовремено (паралелно) потценување на двете водечки партии (во сите случаи ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) што пак не влијае на соодносот меѓу нив. И во општината Аеродром, каде што има битна разлика меѓу анкетите и резултатите (во корист на ВМРО-ДПМНЕ за +8,3%, а на штета на СДСМ за -9,8%), нема разлика во крајниот исход (мнозинство освоени гласови и обезбедено мнзоинство во Советот), а има во соодносот на бројот на советници. Дополнително, и во две од трите општини каде победата во гласањето за Советите го однела друга партија од онаа која била со најголем процент во анкетите, треба да се истакне дека остварениот процент на „перцепираниот победник“ (во двата случаи СДСМ) е многу близок до проектираниот (во Охрид за -0,1%, а во Куманово за -1,0%).

Значи, може да се констатира дека во 11 од 12 случаи (без Гостивар) анкетите укажале на трендот, како и можниот резултат на „очекуваниот победник“, вклучително и во општините каде тоа не биле актуелните градоначалници/владејачки партии во општината (Карпош и Тетово). Сепак, очигледно имаше битно влијание на анкетираните граѓани кои изјавиле дека не сакаат да кажат за кого ќе гласаат и тоа:

- во релативно значително (над стат. грешка) потценување на второ-рангираната партија во поединечни општини: СДСМ во шест случаи (Аеродром, Карпош, Прилеп, Штип, Битола и Велес), ВМРО-ДПМНЕ во три (Струмица, Охрид и Куманово) и ДПА во еден случај (Тетово);
- во два од тие случаи, тоа било доволно да се промени победникот (Охрид и Куманово);
- во три случаи и покрај тоа, останала сличната пропорција на водечките две партии, односно нема дефинитивна законормерност во отстапувања (во овие случаи гласовите на неопределените при анкетирањето се распоределе во сличен обем кај двете водечки партии: Прилеп, Штип и Струмица).

Од сето искажано, меѓу другото и заради спецификите во одредени општини кои биле предмет на истражување, тешко може да се генерализираат заклучоци, но може да се каже дека:

- анкетите прецизно укажале на исходот на национално ниво (вкупно гласови/советници), како и на трендовите и особено на „перцепираните/очекуваните“ победници (во 9, односно 11 од 12 случаи);
- бројот на неопределните гласачи при анкетирањето (разбирливо и заради нивниот висок процент – од 10-16%) влијаел на крајниот исход (во два случаи победник била различна партија од онаа која фигурирала со највисок процент во анкетите), а особено битно влијаело на разликата со остварениот резултат на второ-рангираната партија во анкетите;
- нема унифицирана законормерност (во сите случаи) на распределба на гласовите на неопределените, но во најголем број случаи (10... без Скопје и Гостивар) тие во најголем дел се распределиле кај второ-рангираната партија на анкетите (во 9 од тие 10 случаи и актуелна опозиција во конкретните општини, освен кај Тетово каде ДПА беше владеачка партија). Ова укажува на т.н. „замолкнати граѓани“ или „спирала на молк“, но не на национално, туку на локално ниво! Односно, неопределните граѓани од анкетите, не гласале за опозициските партии на национално ниво, туку главно за тие што биле опозиција на локално ниво.

# ГЛАСАЊЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ

**Графикон 4. Споредба во проценти на освоени гласови (од регистрирани гласачи) за градоначалници со анкетите пред изборите**




Слични констатации може да се извлечат и за анкетите за градоначалници, со тоа што разликите тука се поизразени и во скоро сите случаи вон границите на статистичката грешка. Сепак и тука во 10 од 12 случаи (без Охрид  и Куманово) е точно прогнозирано кој ќе води / победи по првиот круг, а во три случаи (Куманово, Велес, Гостивар) имало пресврт во вториот круг.

# ПРИЛОГ 1. ПРВИЧНИ ОФИЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ

**Табела А. Резултати на советничките листи во бројки и проценти објавени на веб-страницата на ДИК**

| Општина | Регист-рирани гласачи | Вкупно гласале | Бр. на важечки глас.лив. | Бр. на неваж. глас.лив. | ВМРО-ДПМНЕ | | | | СДСМ | | | | ДУИ | | | | ДПА | | | | ДРУГИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Град Скопје | 444.259 | 284.120 | 268.331 | 15.795 | 121.881 | 27,4 | 42,9 | 45,4 | 80.770 | 18,2 | 28,4 | 30,1 | 32.835 | 7,4 | 11,6 | 12,2 | 16.459 | 3,7 | 5,8 | 6,1 | 16.386 | 3,7 | 5,8 | 6,1 |
| Аеродром | 63.474 | 42.926 | 40.537 | 2.389 | 22.795 | 35,9 | 53,1 | 56,2 | 14.642 | 23,1 | 34,1 | 36,1 | 420 | 0,7 | 1,0 | 1,0 | | | | | 2.680 | 4,2 | 6,2 | 6,6 |
| Бутел | 31.916 | 20.177 | 19.032 | 1.145 | 8.856 | 27,7 | 43,9 | 46,5 | 4.455 | 14,0 | 22,1 | 23,4 | 3.230 | 10,1 | 16,0 | 17,0 | 1.137 | 3,6 | 5,6 | 6,0 | 1.354 | 4,2 | 6,7 | 7,1 |
| Гази Баба | 60.638 | 37.610 | 35.386 | 2.224 | 20.194 | 33,3 | 53,7 | 57,1 | 8.850 | 14,6 | 23,5 | 25,0 | 2.163 | 3,6 | 5,8 | 6,1 | 1.518 | 2,5 | 4,0 | 4,3 | 2.661 | 4,4 | 7,1 | 7,5 |
| Ѓ. Петров | 36.100 | 24.191 | 22.842 | 1.349 | 10.150 | 28,1 | 42,0 | 44,4 | 8.389 | 23,2 | 34,7 | 36,7 | 517 | 1,4 | 2,1 | 2,3 | | | | | 3.786 | 10,5 | 15,7 | 16,6 |
| Карпош | 52.506 | 37.939 | 35.937 | 2.002 | 12.936 | 24,6 | 34,1 | 36,0 | 12.331 | 23,5 | 32,5 | 34,3 | | | | | | | | | 10.670 | 20,3 | 28,1 | 29,7 |
| К. Вода | 51.459 | 34.084 | 32.043 | 2.041 | 18.800 | 36,5 | 55,2 | 58,7 | 10.060 | 19,5 | 29,5 | 31,4 | | | | | | | | | 3.183 | 6,2 | 9,3 | 9,9 |
| Центар | 42.667 | 28.625 | 27.160 | 1.465 | 11.549 | 27,1 | 40,3 | 42,5 | 12.866 | 30,2 | 44,9 | 47,4 | 349 | 0,8 | 1,2 | 1,3 | 198 | 0,5 | 0,7 | 0,7 | 2.198 | 5,2 | 7,7 | 8,1 |
| Битола | 81.373 | 57.003 | 54.257 | 2.746 | 26.541 | 32,6 | 46,6 | 48,9 | 21.818 | 26,8 | 38,3 | 40,2 | 1.080 | 1,3 | 1,9 | 2,0 | 1.181 | 1,5 | 2,1 | 2,2 | 3.637 | 4,5 | 6,4 | 6,7 |
| Велес | 46.261 | 32.851 | 31.441 | 1.410 | 15.394 | 33,3 | 46,9 | 49,0 | 13.380 | 28,9 | 40,7 | 42,6 | 1.143 | 2,5 | 3,5 | 3,6 | 254 | 0,5 | 0,8 | 0,8 | 1.270 | 2,7 | 3,9 | 4,0 |
| Гевгелија | 19.391 | 16.205 | 15.402 | 803 | 8.120 | 41,9 | 50,1 | 52,7 | 6.237 | 32,2 | 38,5 | 40,5 | | | | | | | | | 1.045 | 5,4 | 6,4 | 6,8 |
| Гостивар | 75.139 | 39.347 | 38.021 | 1.326 | 5.911 | 7,9 | 15,0 | 15,5 | 3.543 | 4,7 | 9,0 | 9,3 | 11.208 | 14,9 | 28,5 | 29,5 | 3.017 | 4,0 | 7,7 | 7,9 | 14.342 | 19,1 | 36,5 | 37,7 |
| Кавадарци | 32.029 | 24.450 | 23.589 | 861 | 9.330 | 29,1 | 38,2 | 39,6 | 5.922 | 18,5 | 24,2 | 25,1 | | | | | | | | | 8.337 | 26,0 | 34,1 | 35,3 |
| Кочани | 32.608 | 23.390 | 22.200 | 1.190 | 10.333 | 31,7 | 44,2 | 46,5 | 10.126 | 31,1 | 43,3 | 45,6 | | | | | | | | | 1.741 | 5,3 | 7,4 | 7,8 |
| Куманово | 88.708 | 55.777 | 53.841 | 1.936 | 18.792 | 21,2 | 33,7 | 34,9 | 17.507 | 19,7 | 31,4 | 32,5 | 6.104 | 6,9 | 10,9 | 11,3 | 3.255 | 3,7 | 5,8 | 6,0 | 8.183 | 9,2 | 14,7 | 15,2 |
| Охрид | 50.686 | 36.742 | 35.329 | 1.413 | 15.592 | 30,8 | 42,4 | 44,1 | 10.231 | 20,2 | 27,8 | 29,0 | 595 | 1,2 | 1,6 | 1,7 | 498 | 1,0 | 1,4 | 1,4 | 8.413 | 16,6 | 22,9 | 23,8 |
| Пехчево | 4.364 | 3.653 | 3.485 | 168 | 1.890 | 43,3 | 51,7 | 54,2 | 1.246 | 28,6 | 34,1 | 35,8 | | | | | | | | | 349 | 8,0 | 9,6 | 10,0 |
| Прилеп | 63.431 | 49.544 | 47.555 | 1.989 | 26.924 | 42,4 | 54,3 | 56,6 | 19.178 | 30,2 | 38,7 | 40,3 | | | | | | | | | 1.453 | 2,3 | 2,9 | 3,1 |
| Радовиш | 23.537 | 17.221 | 16.242 | 979 | 8.500 | 36,1 | 49,4 | 52,3 | 5.598 | 23,8 | 32,5 | 34,5 | | | | | | | | | 2.144 | 9,1 | 12,4 | 13,2 |
| Ресен | 16.526 | 11.469 | 11.035 | 434 | 5.444 | 32,9 | 47,5 | 49,3 | 1.969 | 11,9 | 17,2 | 17,8 | 1.206 | 7,3 | 10,5 | 10,9 | 255 | 1,5 | 2,2 | 2,3 | 2.161 | 13,1 | 18,8 | 19,6 |
| Струмица | 47.424 | 36.898 | 36.010 | 888 | 17.337 | 36,6 | 47,0 | 48,1 | 18.425 | 38,9 | 49,9 | 51,2 | | | | | | | | | 248 | 0,5 | 0,7 | 0,7 |
| Тетово | 77.570 | 47.249 | 45.943 | 1.306 | 7.492 | 9,7 | 15,9 | 16,3 | 4.004 | 5,2 | 8,5 | 8,7 | 16.909 | 21,8 | 35,8 | 36,8 | 13.538 | 17,5 | 28,7 | 29,5 | 4.000 | 5,2 | 8,5 | 8,7 |
| Штип | 41.573 | 31.548 | 30.044 | 1.504 | 17.228 | 41,4 | 54,6 | 57,3 | 10.678 | 25,7 | 33,8 | 35,5 | | | | | | | | | 2.138 | 5,1 | 6,8 | 7,1 |
| **Вк. (23 )** | **1.039.380** | **708.899** | **677.331** | **31.568** | **300.108** | | | | **221.455** | | | | **44.924** | | | | **24.851** | | | | **85.993** | | | |
| **ВКУПНО** | **1.743.403** | **1.167.768** | **1.117.814** | **49.954** | **416.967** | | | | **328.540** | | | | **137.024** | | | | **77.724** | | | | **157.504** | | | |
| **Кич./Стр.** | **1.743.403** | **1.167.768** | **1.117.814** | **49.954** | **431.965** | 24.8 | 37.0 | 38.6 | **313.542** | 18.0 | 26.9 | 28.1 | **137.024** | 7.9 | 11.7 | 12.3 | **77.724** | 4.5 | 6.7 | 7.0 | **157.504** | 9.0 | 13.5 | 14.0 |

Легенда: 1 – Освоени гласови во бројки; 2 – Процент од регистрирани гласачи; 3 – Процент од вкупниот број на гласачи кои гласале; 4 – Процент од важечки гласови

**Табела Б. Резултати за градоначалници во бројки и проценти објавени на веб-страницата на ДИК**

| Општина | Регист-рирани гласачи | Вкупно гласале | Бр. на важечки глас.лив. | Бр. на неваж. глас.лив. | ВМРО-ДПМНЕ | | | | СДСМ | | | | ДУИ | | | | ДПА | | | | ДРУГИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| град Скопје | 444.259 | 284.122 | 270.807 | 13.315 | 136.056 | 30,6 | 47,9 | 50,2 | 79.751 | 18,0 | 28,1 | 29,4 | 30.760 | 6,9 | 10,8 | 11,4 | 15.622 | 3,5 | 5,5 | 5,8 | 8.618 | 1,9 | 3,0 | 3,2 |
| Аеродром | 63.474 | 42.926 | 40.793 | 2.133 | 25.814 | 40,7 | 60,1 | 63,3 | 12.991 | 20,5 | 30,3 | 31,8 | | | | | | | | | 1.988 | 3,1 | 4,6 | 4,9 |
| Бутел | 31.916 | 20.177 | 19.153 | 1.024 | 9.653 | 30,2 | 47,8 | 50,4 | 4.668 | 14,6 | 23,1 | 24,4 | 3.227 | 10,1 | 16,0 | 16,8 | 1.187 | 3,7 | 5,9 | 6,2 | 418 | 1,3 | 2,1 | 2,2 |
| Гази Баба | 60.638 | 37.610 | 35.288 | 2.322 | 21.231 | 35,0 | 56,5 | 60,2 | 10.210 | 16,8 | 27,1 | 28,9 | | | | | 2.022 | 3,3 | 5,4 | 5,7 | 1.825 | 3,0 | 4,9 | 5,2 |
| Ѓ. Петров | 36.100 | 24.192 | 22.992 | 1.200 | 11.316 | 31,3 | 46,8 | 49,2 | 10.720 | 29,7 | 44,3 | 46,6 | | | | | | | | | 956 | 2,6 | 4,0 | 4,2 |
| Карпош | 52.506 | 37.939 | 36.672 | 1.267 | 9.485 | 18,1 | 25,0 | 25,9 | 9.674 | 18,4 | 25,5 | 26,4 | | | | | | | | | 17.513 | 33,4 | 46,2 | 47,8 |
| К. Вода | 51.459 | 34.085 | 32.252 | 1.833 | 20.419 | 39,7 | 59,9 | 63,3 | 10.501 | 20,4 | 30,8 | 32,6 | | | | | | | | | 1.332 | 2,6 | 3,9 | 4,1 |
| Центар | 42.667 | 28.627 | 27.226 | 1.401 | 12.606 | 29,5 | 44,0 | 46,3 | 14.079 | 33,0 | 49,2 | 51,7 | | | | | | | | | 541 | 1,3 | 1,9 | 2,0 |
| Битола | 81.373 | 57.004 | 54.722 | 2.282 | 27.985 | 34,4 | 49,1 | 51,1 | 22.455 | 27,6 | 39,4 | 41,0 | | | | | 1.221 | 1,5 | 2,1 | 2,2 | 3.061 | 3,8 | 5,4 | 5,6 |
| Велес | 46.261 | 32.851 | 31.857 | 994 | 15.110 | 32,7 | 46,0 | 47,4 | 16.163 | 34,9 | 49,2 | 50,7 | | | | | | | | | 584 | 1,3 | 1,8 | 1,8 |
| Гевгелија | 19.391 | 16.205 | 15.502 | 703 | 8.722 | 45,0 | 53,8 | 56,3 | 6.467 | 33,4 | 39,9 | 41,7 | | | | | | | | | 313 | 1,6 | 1,9 | 2,0 |
| Гостивар | 75.139 | 39.385 | 38.519 | 866 | 5.080 | 6,8 | 12,9 | 13,2 | 2.764 | 3,7 | 7,0 | 7,2 | 13.579 | 18,1 | 34,5 | 35,3 | 2.806 | 3,7 | 7,1 | 7,3 | 14.290 | 19,0 | 36,3 | 37,1 |
| Кавадарци | 32.029 | 24.450 | 23.854 | 596 | 11.507 | 35,9 | 47,1 | 48,2 | 6.752 | 21,1 | 27,6 | 28,3 | | | | | | | | | 5.595 | 17,5 | 22,9 | 23,5 |
| Кочани | 32.608 | 23.390 | 22.241 | 1.149 | 11.295 | 34,6 | 48,3 | 50,8 | 10.630 | 32,6 | 45,4 | 47,8 | | | | | | | | | 316 | 1,0 | 1,4 | 1,4 |
| Куманово | 88.708 | 55.783 | 54.265 | 1.518 | 20.759 | 23,4 | 37,2 | 38,3 | 19.320 | 21,8 | 34,6 | 35,6 | 5.776 | 6,5 | 10,4 | 10,6 | 3.117 | 3,5 | 5,6 | 5,7 | 5.293 | 6,0 | 9,5 | 9,8 |
| Охрид | 50.686 | 36.741 | 35.311 | 1.430 | 21.004 | 41,4 | 57,2 | 59,5 | 13.250 | 26,1 | 36,1 | 37,5 | | | | | 351 | 0,7 | 1,0 | 1,0 | 706 | 1,4 | 1,9 | 2,0 |
| Пехчево | 4.364 | 3.653 | 3.548 | 105 | 2.319 | 53,1 | 63,5 | 65,4 | 1.196 | 27,4 | 32,7 | 33,7 | | | | | | | | | 33 | 0,8 | 0,9 | 0,9 |
| Прилеп | 63.431 | 49.546 | 47.967 | 1.579 | 28.632 | 45,1 | 57,8 | 59,7 | 18.920 | 29,8 | 38,2 | 39,4 | | | | | | | | | 415 | 0,7 | 0,8 | 0,9 |
| Радовиш | 23.537 | 17.221 | 16.522 | 699 | 10.026 | 42,6 | 58,2 | 60,7 | 6.343 | 26,9 | 36,8 | 38,4 | | | | | | | | | 153 | 0,7 | 0,9 | 0,9 |
| Ресен | 16.526 | 11.469 | 11.170 | 299 | 5.486 | 33,2 | 47,8 | 49,1 | 1.443 | 8,7 | 12,6 | 12,9 | 974 | 5,9 | 8,5 | 8,7 | 127 | 0,8 | 1,1 | 1,1 | 3.140 | 19,0 | 27,4 | 28,1 |
| Струмица | 47.424 | 36.898 | 36.101 | 797 | 16.903 | 35,6 | 45,8 | 46,8 | 18.999 | 40,1 | 51,5 | 52,6 | | | | | | | | | 199 | 0,4 | 0,5 | 0,6 |
| Тетово | 77.570 | 47.249 | 46.090 | 1.159 | 7.243 | 9,3 | 15,3 | 15,7 | 3.052 | 3,9 | 6,5 | 6,6 | 18.429 | 23,8 | 39,0 | 40,0 | 15.116 | 19,5 | 32,0 | 32,8 | 2.250 | 2,9 | 4,8 | 4,9 |
| Штип | 41.573 | 31.548 | 30.307 | 1.241 | 18.560 | 44,6 | 58,8 | 61,2 | 11.369 | 27,3 | 36,0 | 37,5 | | | | | | | | | 378 | 0,9 | 1,2 | 1,2 |
| **Вк. (23)** | **1.058.778** | **722.453** | **695.243** | **27.210** | **328.178** | | | | **234.046** | | | | **41.985** | | | | **25.947** | | | | **65.087** | | | |
| **ВКУПНО** | **1.743.403** | **1.167.757** | **1.127.399** | **40.358** | **480.008** | | | | **309.827** | | | | **139.846** | | | | **82.025** | | | | **109.704** | | | |
| **Кич./Стр.** | **1.743.403** | **1.167.757** | **1.127.399** | **40.358** | **470.649** | 27.0 | 40.3 | 41.7 | **325.186** | 18.7 | 27.8 | 28.8 | | 8.0 | 12.0 | 12.4 | | 4.7 | 7.0 | 7.3 | | 6.3 | 9.4 | 9.7 |

Легенда: 1 – Освоени гласови во бројки; 2 – Процент од регистрирани гласачи; 3 – Процент од вкупниот број на гласачи кои гласале; 4 – Процент од важечки гласови

# ПРИЛОГ 2. ПРЕГЛЕД НА СИТЕ ОБЈАВЕНИ АНКЕТИ И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДИК

**а) резултати и анкети за советнички листи по општина (во % од вкупно регистрираните гласачи)**

| | ДИК | | МЦМС/ИДСЦС | | Павел Шатев | | Институт Прогрес | | Димитрија Чуповски | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ |
| Град Скопје | 27,4 | 18,2 | 30,4 | 15,7 | 28,7 | 16,6 | 21,3 | 23,6 | 31,4 | 15,5 |
| Аеродром | 35,9 | 23,1 | 44,2 | 13,3 | 43,1 | 12,3 | 14,9 | 15,8 | 52,3 | 10,7 |
| Бутел | 27,7 | 14,0 | - | - | 28,4 | 10,5 | - | - | - | - |
| Гази Баба | 33,3 | 14,6 | - | - | 37,0 | 11,4 | - | - | - | - |
| Ѓорче Петров | 28,1 | 23,2 | - | - | 31,3 | 17,6 | 17,0 | 17,1 | 40,7 | 15,9 |
| Карпош | 24,6 | 23,5 | 23,9 | 13,3 | 23,1 | 20,8 | 11,5 | 20,6 | 24,7 | 18,2 |
| Кисела Вода | 36,5 | 19,5 | - | - | 39,6 | 17,5 | 18,2 | 19,5 | 43,3 | 14,7 |
| Центар * | 27,1 | 30,2 | - | - | 25,0 | 22,8 | 28,4 | 39,1 | 27,0 | 23,0 |
| Битола | 32,6 | 26,8 | 32,3 | 16,1 | 33,2 | 16,5 | 18,5 | 20,9 | 47,2 | 12,8 |
| Велес | 33,3 | 28,9 | 32,6 | 15,3 | 30,6 | 15,7 | 18,4 | 21,7 | 35,4 | 14,5 |
| Гевгелија | 41,9 | 32,2 | - | - | 28,0 | 23,7 | - | - | 30,1 | 22,5 |
| Гостивар | 7,9 | 4,7 | 8,6 | 1,8 | - | - | - | - | - | - |
| Кавадарци | 29,1 | 18,5 | - | - | 37,0 | 21,2 | - | - | 44,2 | 13,4 |
| Кочани | 31,7 | 31,1 | - | - | 31,4 | 25,1 | 18,4 | 22,3 | 40,3 | 21,8 |
| Куманово | 21,2 | 19,7 | 14,2 | 18,7 | 24,2 | 17,8 | 18,1 | 25,8 | 26,8 | 17,1 |
| Охрид | 30,8 | 20,2 | 19,8 | 20,1 | 31,6 | 22,5 | 20,4 | 26,2 | 43,6 | 25,2 |
| Пехчево | 43,3 | 28,6 | - | - | - | - | 24,6 | 11,9 | - | - |
| Прилеп | 42,4 | 30,2 | 32,3 | 14,6 | 31,1 | 15,2 | 19,2 | 21,5 | 46,6 | 13,9 |
| Радовиш | 36,1 | 23,8 | - | - | 39,2 | 13,2 | 22,2 | 18,9 | 45,8 | 11,6 |
| Ресен | 32,9 | 11,9 | - | - | 22,7 | 14,7 | - | - | 27,2 | 13,6 |
| Струмица | 36,6 | 38,9 | 27,4 | 29,9 | 28,5 | 28,0 | 18,8 | 23,4 | 30,7 | 28,1 |
| Тетово | 9,7 | 5,2 | 12,5 | 1,8 | - | - | - | - | - | - |
| Штип | 41,4 | 25,7 | 36,5 | 17,1 | 35,2 | 16,1 | - | - | 44,8 | 12,4 |

* Агенцијата Рејтинг објави анкета само за општина Центар (само оние кои рекле дека ќе гласаат): ВМРО-ДПМНЕ 32,6%; СДСМ 37,7%

**б) резултати и анкети за градоначалник по општина (во % од вкупно регистрираните гласачи)**

| | ДИК | | МЦМС/ИДСЦС | | Павел Шатев | | Институт Прогрес | | Димитрија Чуповски | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ |
| Град Скопје | 30,6 | 18,0 | 44,3 | 19,2 | 47,9 | 15,9 | 26,4 | 27,9 | 49,8 | 13,1 |
| Аеродром | 40,7 | 20,5 | 58,1 | 10,1 | 57,1 | 11,9 | 17,5 | 18,7 | 61,1 | 9,2 |
| Бутел | 30,2 | 14,6 | - | - | 41,8 | 11,7 | - | - | - | - |
| Гази Баба | 35,0 | 16,8 | - | - | 48,4 | 18,3 | - | - | - | - |
| Ѓорче Петров | 31,3 | 29,7 | - | - | 38,3 | 25,4 | 18,1 | 20,4 | 38,3 | 25,4 |
| Карпош | 18,1 | 18,4 | 16,3 | 11,0 | 20,1 | 14,7 | 14,5 | 25,9 | 25,1 | 11,6 |
| Кисела Вода | 39,7 | 20,4 | - | - | 43,8 | 12,1 | 20,4 | 23,6 | 51,4 | 10,6 |
| Центар * | 29,5 | 33,0 | - | - | 43,2 | 32,9 | 27,2 | 38,4 | 43,7 | 37,5 |
| Битола | 34,4 | 27,6 | 40,1 | 14,7 | 38,7 | 13,2 | 20,1 | 22,3 | 45,6 | 10,4 |
| Велес | 32,7 | 34,9 | 31,3 | 33,4 | 35,8 | 36,4 | 17,6 | 31,4 | 36,8 | 35,4 |
| Гевгелија | 45,0 | 33,4 | - | - | 39,4 | 33,3 | - | - | 42,1 | 30,7 |
| Гостивар | 6,8 | 3,7 | 10,4 | 2,7 | - | - | - | - | - | - |
| Кавадарци | 35,9 | 21,1 | - | - | 38,3 | 12,2 | - | - | 43,9 | 9,6 |
| Кочани | 34,6 | 32,6 | - | - | 37,2 | 27,8 | 20,1 | 24,9 | 44,2 | 27,6 |
| Куманово | 23,4 | 21,8 | 19,3 | 21,7 | 28,9 | 29,7 | 18,6 | 31,9 | 29,5 | 29,0 |
| Охрид | 41,4 | 26,1 | 30,2 | 32,7 | 42,0 | 31,2 | 22,6 | 31,3 | 45,1 | 32,4 |
| Пехчево | 53,1 | 27,4 | - | - | - | - | 25,4 | 15,8 | - | - |
| Прилеп | 45,1 | 29,8 | 52,3 | 15,1 | 53,4 | 17,0 | 23,1 | 25,7 | 56,4 | 13,2 |
| Радовиш | 42,6 | 26,9 | - | - | 51,2 | 23,9 | 23,4 | 20,7 | 62,5 | 20,7 |
| Ресен | 33,2 | 8,7 | - | - | 28,7 | 14,3 | - | - | 29,9 | 12,7 |
| Струмица | 35,6 | 40,1 | 26,6 | 35,0 | 27,3 | 29,3 | 21,3 | 42,3 | 30,1 | 31,3 |
| Тетово | 9,3 | 3,9 | 13,0 | 1,7 | - | - | - | - | - | - |
| Штип | 44,6 | 27,3 | 48,5 | 17,8 | 46,7 | 17,1 | - | - | 57,9 | 11,1 |

* Агенцијата Рејтинг објави анкета само за општина Центар (само оние кои рекле дека ќе гласаат): ВМРО-ДПМНЕ 32,9%; СДСМ 37,3%

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Листа на публикации**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**

**Рејтинзи на политичките партии, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/rejtinzi-na-politickite-partii.pdf

**Профилот на мојот градоначалник, 2013:** http://mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1359-profilot-na-mojot-gradonachalnik.html

**Профилот на мојот пратеник, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/profil-na-mojot-pratenik-2011-mcms.pdf

**Изборните кампањи на политичките партии, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/izbornite-kampanji-na-politickite-partii.pdf